Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО
Бр. 03-362/1
06. 02. 2025 год.
ОБЛЕШЕВО

...уштво за геодетски работи
ГЕО ИНГ ДОО експорт-импорт
Бр. 053-25
12.02.25 год.
ДЕЛЧЕВО

# Д О Г О В О Р
За јавна набавка

Склучен на ден: 06.02.2025 год., помеѓу:

1. **Општина Чешиново-Облешево**, застапувана од Градоначалникот Далибор Ангелов , во натамошниот текст- Набавувач и
2. **ТДГР "Гео Инг" ДОО Делчево**, застапувано од Управителот Јован Здравковски, во натамошниот текст-Носител на набавката.

## ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

**Предмет на овој Договор е:** - *Вршење на геодетски услуги од областа на геодетските работи, сукцесивно за период од една година,* врз основа на спроведена Поедноставена Отворена Постапка со објавување на оглас бр.22420/2024 и во Сл.весник на РСМ бр.271/2024.

## ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Вкупниот износ на набавката е добиен по пат на поднесена единствена прифатлива понуда без е-аукција и изнесува вкупно **=56.045,00 денари.,** (педесетишестилјадиичетириесетипетденари) збир од поединечните ставки поединечно опишано во спецификацијата , составен дел од понудата, без пресметан ДДВ.

Предметот на набавка од ст.1 на овој член е детално опишан во техничката спецификација, составен дел на тендерската документација бр.05-1962/1, изработена од Набавувачот, а по Одлука за јавна набавка бр.09-1961/1 од 27.12.2024 год., за спроведување на Поедноставена отворена постапка, со користење на електронски средства преку Електронскиот систем за јавни набавки без е-Аукција, како последна фаза за доделување на договорот за конкретната јавна набавка.

Договорот за јавна набавка се склучува врз основа на единствена прифатлива понуда без е-аукција бр.05-93/1 од 13.01.2025 год., поднесена од Носителот на набавката , по Огласот за доделување на договор за јавна набавка бр. 22420/2024 објавен на ЕСЈН на ден 27.12.2024 год., и во „Службен весник на РСМ“ бр.271/2024 , а врз основа на Одлуката за избор на единствена прифатлива понуда број 09-209/1 од 22.01.2025 година, донесена од одговорното лице на Набавувачот.

**За предметната набавка** - *Вршење на геодетски услуги од областа на геодетските работи, сукцесивно за период од една година* се планирани финансиски средства во вкупен износ до 1.200.000,00 денари (еденмилионидвестаилјадиденари) без пресметан ДДВ .

Средствата се планирани во Буџетот на општина Чешиново-Облешево.

Вкупната вредност на добиената понуда е како резултат од збирот на поединечните вредности за опишаните услуги во техничката спецификација , но Договорниот орган не е обврзан да ја искористи целокупната сума, односно ќе се искористат услуги до планираната вредност на јавната набавка , имајќи во предвид дека

јавната набавка е сукцесивна, а и потребите на Договорниот орган не се за употреба на сите услуги, односно не се практикува и не се случува во тековното работење да се користат сите наведени услуги. Описите во техничките спецификации се дадени со цел да се добијат цени по кои Договорниот орган може да ги набави услугите кои евентуално ќе му бидат потребни.

Набавката ќе биде сукцесивна, за услуги според потреба на Набавувачот.

**Член 3**

Договорот се склучува на определено време (за услуги во текот на една година) , сметано од потпишување на договорот.

## ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГИТЕ

**Член 4**

Набавката е сукцесивна , за количини, стоки и услуги по потреба на Набавувачот во текот на една година.

Носителот на набавката е должен предметот на договорот да го испорача на следниов начин : Испораката ќе се врши суксецивно, по потреба на договорниот орган во период од една година (сметано од денот на склучување на договорот) , по претходна нарачка, писмено барање од страна на договорниот орган, кое ќе содржи вид на услуга согласно техничката спецификација (понудата), површина, рок на извршување и потребен број примероци на изработените материјали. Материјалите за извршените геодетски услуги се доставуваат во писмена и електронска форма.

Рок за извршување на услугите е 3 (три) дена по поднесување на писмено барање, а за итни и неодложни работи во рок од 1 (еден) ден, по поднесување на писменото барање.

- ДО го задржува правото Договорот да не го реализира во целост туку во зависност од потребите.

Набавката ќе биде сукцесивна по потреба на договорниот орган и плаќањето ќе биде исклучиво за услуга која е нарачана и извршена .

## ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 5**

Во случај на доцнење со извршување на предметната набавка од страна на Носителот, Набавувачот има право на надомест на штета и договорна казна-пенали во висина од 0,1% дневно, од вредноста на Договорот.

Во случај на примена на ставот 1 од членот 5, Носителот на набавката е должен да му ја надомести штетата на набавувачот.

Набавувачот не може да бара договорна казна поради задоцнување, ако го примил исполнувањето на обврската, а не му соопштил на Носителот на набавката дека го задржува своето право на договорна казна.

Доколку Носителот на набавката доцни со исполнување на обврската, покрај правото на надомест на штета и договорна казна-пенали, Набавувачот има право едностранo да го раскине Договорот и да склучи Договор со следниот рангиран понудувач (доколку понудата е прифатлива).

## ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ФАКТУРА

**Член 6**

При изготвување на фактурата Носителот на набавката е должен да ги наведе следните елементи:

-Назив на Набавувачот, место,седиште, даночен број

-Број и датум на Договорот, по кој се извршува работата

-Количини со опис на стоките и работите, дефинирани по елементи од Спецификацијата, предмет на набавката

-Единечни цени на секој елемент на набавката

-Вкупни цени по елементи

-вкупна цена на фактурата

-Пресметка на ДДВ и валута на плаќање

## НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 7**

Набавувачот се обврзува плаќањето за извршената работа да го врши на следниот начин:

Плаќањето на услугите кои се предмет на овој договор ќе се врши во рок од 60 (шеесет) дена по доставување на ф-ра, што ја доставува носителот на набавката, уредно потпишана и заверена од договорниот орган и носителот на набавката.

## КВАНТИТАТИВНА И КВАЛИТАТИВНА КОНТРОЛА

**Член 8**

Квантитативен и квалитативен прием на извршената работа врши набавувачот со увид и контрола на документацијата од двете договорни страни договорни страни и во присуство на стручно лице. Испитувањето на квалитетот и квантитетот се врши визуелно уште со примопредавањето на договорените работи.

**Член 9**

Набавувачот може да изврши и дополнителни контроли на квалитетот на работите со дополнителни независни испитувања и контроли на квалитетот кај овластена институција доколку смета за потребно или се сомнева во квалитетот на работите .

## ОДГОВОРНОСТ ЗА МАТЕРИЈАЛНИТЕ НЕДОСТАТОЦИ

**Член 10**

Материјален недостаток постои ако:

-Работите според понудата ги немаат потребните својства за намената за која се извршуваат,

-Работите ги немаат својствата и одликите што се договорени-пропишани во техничката спецификација.

**Член 11**

Набавувачот е должен доколку открие одредени недостатоци на извршената работа, веднаш или најдоцна во рок од 08 (осум) дена да го извести Носителот на набавката. Во спротивно Носителот на набавката нема да одговара за недостатоците.

Носителот на набавката го гарантира квалитетот на извршените работи.

**ВИША СИЛА**

**Член 12**

Набавувачот и Носителот на набавката се согласни ниту една договорна страна да не поднесува одговорност-губиток, доколку се работи за губиток предизвикан од виша сила, согласно утврдените случаи на виша сила со Законот за облигациони односи.

**ОШТЕТУВАЊЕ**

**Член 13**

Носителот на набавката е должен на Набавувачот да му ја надомести штетата преизвикана поради неисправност или недостатоци на предметната набавка, согласно Законот за облигациони односи и Законот за заштита на потрошувачите.

**РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ**

**Член 14**

Сите евентуално настанати спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, првенствено договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

Доколку не постои добро расположение за решавање наспорот, во рок од 10 дена истиот ќе биде препратен на решавање преку арбитражна комисија која ја сочинуваат 3 лица.

Комисијата ја сочинуваат по едно избрано лице од страна на набавувачот, едно лиц од Носителот на набавката, а третиот член го избираат двете договорни страни од редот на Арбитражниот суд на Стопанска комора на Република Северна Македонија.

Доколку и арбитражната комисија не предложи обострано прифатливо решение, спорот ќе се решава преку Основниот суд во Кочани.

**РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 15**

Кога едната договорна страна не ги исполни обврските од овој Договор, другата договорна страна може да го раскине Договорот, со достава на известување до другата договорна страна со наведување на причините за раскинувањето.

**КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ**

**Член 16**

Договорните страни се согласни да ги применуваат одредбите на највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на Договорот.

**ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН**

**Член 17**

За се што не е предвидено со овој Договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и позитивните законски прописи на Република Северна Македонија.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 18**

Измени и дополнувања на Договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат, исклучиво со Анекс Договор кој одговара на одредбите на Законот за јавни набавки и Тендерската документација.

**Член 19**

Овој Договор е склучен во 4 (четири) истоветни примероци од кои 2 (два) за Набавувачот и 2 (два) за Носителот на набавката.

**НАБАВУВАЧ,**
Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник,
Далибор Ангелов

**НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА,**
ТДГР "Гео Инг" ДОО Делчево
Управител,
Јован Здравковски

**Прилог:**Понуда со Спецификација бр.05-93/1 од 13.01.2025 год.

Изготвил:Љијанка Андонова

ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО
Примено 13. 01. 2025
Организациона единица | Број 93/1 | Прилог | Вредност
05

1

**Прилог 1 - Образец на понуда**

***[меморандум на понудувачот]***

ГЕО ИНГ
ДОО ДЕЛЧЕВО

М.М.Брицо бр.41 2320 Делчево
тел: + 389 33 411 770
моб:+ 389 75 354 409
mail: geoing.delcevo@gmail.com
www.geoing.com.mk

Врз основа на огласот број22420/2024 објавен од страна на Општина Чешиново-Облешево за доделување на договор за јавна набавка за - *Вршење на геодетски услуги од областа на геодетските работи, сукцесивно за период од една година,* со спроведување на Поедноставена отворена постапка,без електронска аукција преку Електронскиот систем за јавни набавки (https://www.e-nabavki.gov.mk) и на тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

ПОНУДА

**Дел I – Информации за понудувачот**

I.1. Име на понудувачот: ГЕО ИНГ ДОО
I.2. Контакт информации
- Адреса:Ул. М.М.Брицо бр. 41 Делчево
- Телефон: /
- Факс: /
- Е-пошта: geoing.delcevo@gmail.com
- Лице за контакт: Јован Здравковски

I.3. Одговорно лице: Јован Здравковски
I.4. Даночен број: /
1.5.Матичен број: /
1.6.Жиро сметка: /

**Дел II – Техничка понуда**

II.1.Согласни сме да ги изработиме следниве работи : - *Вршење на геодетски услуги од областа на геодетските работи, сукцесивно за период од една година,*
II.2. Ги прифаќаме начинот и рокот на изведување утврдени во тендерската документација.

**Дел III – Финансиска понуда**

III.1. Нашата понуда за набавка на работи : *Вршење на геодетски услуги од областа на геодетските работи, сукцесивно за период од една година*, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без пресметан ДДВ, изнесува 56045.00 **[со бројки] , (педесет и шест илјади и четириесет и пет денари) [со букви] денари.**

Вкупниот износ на ДДВ изнесува 10088.1 денари.

III.4. Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.
III. 5. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

Место и датум
12.01.2025 г Делчево

Одговорно лице
Digitally signed by JOVAN ZDRAVKOVSKI
Date: 2025.01.13 07:49:29 CET

**Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него*

*Техничка спецификација за- Вршење на геодетски услуги од областа на геодетските работи, сукцесивно за период од една година,*

| Р. број | Опис | Единица мерка | Единечна цена без ДДВ со вклучени трошоци и попусти | ДДВ | Вкупна единечна цена со вклучен ДДВ) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Изготвување на ажурирана геодетска подлога за опфат со површина до 1,0 ха | 1 ха | 5260.00 | 946.8 | 6206.8 |
| 1.1 | - опфат со површина од 1,0 до 5,0 ха<br>- опфат со површина од 5,0 до 10,0 ха<br>- опфат со површина над 10,0 ха<br>- опфат вон градежен реон (неизградено земјиште) | 1Ха<br>1Ха<br>1Ха<br>1Ха | 8000.00<br>6800.00<br>5260.00<br>8000.00 | 1440.00<br>1224.00<br>946.00<br>1440.00 | 9440.00<br>8024.00<br>6206.80<br>9440.00 |
| 2. | Изработка на геодетски елаборати за бришење на срушен објект или дел од објект во една КП независно од бројот на објекти | Бр. | 3750.00 | 675.00 | 4425.00 |
| 3. | Изработка на геодетски елаборат за нумерички податоци без теренски мерења во функција на реализација на урбанистички план, екпропријација и друго (ако градежната парцела претставува дел од една катастерска парцела) | Бр. | 8000.00 | 1440.00 | 9440.00 |
| 3.1 | Изработка на геодетски елаборат за нумерички податоци без теренски мерења во функција на реализација на урбанистички план, екпропријација и друго (ако градежната парцела е составена од повеќе катастерски парцели) | Бр. | 8000.00+ 2500 х кп | 1890.00 | 12390.00 |
| 4. | Изработка на геодетски елаборати за легализација на бесправно изградени објекти<br>-објекти со вкупна површина до 50 м2<br>-објекти со вкупна површина од 51 до 100 м2<br>-објекти со вкупна површина над 101 м2 | <br>М2<br>М2<br>М2 | <br>100.00<br>100.00<br>95.00 | <br>18.00<br>18.00<br>17.10 | <br>118.00<br>118.00<br>112.10 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 5. | Изработка на геодетски елаборати за премер на внатрешна површина, вклучувајки и габаритен премер на згради и други објекти:семејна станбена куќа, деловен објект и др. независно за колку засебни објекти се работи во функција на запишување/промена во катастер на недвижности | M2 | 100.00 | 18.00 | 118.00 |
| 6. | Обележување на градежна парцела со премер на лице место | M2 | 40.00 | 7.20 | 47.20 |
| 7. | Обележување на граници на катастарска парцела | M1 | 40.00 | 7.20 | 47.20 |
| | ВКУПНО: | | 56045.00 | 10088.10 | 66133.10 |

Вкупна цена без ДДВ од сите поединечни ставки:56045.00 ден
Набавката ќе биде сукцесивна по потреба на договорниот орган.

Понудувач:

Изготвил:Ива Стефанова

**Напомена: Промената на цена е дозволена само во случај на донесување на нов тарифник за висината на надоместокот за извршените геодетски работи од страна на трговците поединци овластени геодети и трговските друштва за геодетски работи. Во случај на нов тарифник цените ќе бидат коригирани со тоа што цените процентуално ќе се намалат од цените во тарифникот за процентот на намалување постигнат во договорот наспроти тарифник кој бил во важност за време на склучување на истата.**

**** Напомена: При поднесување на понуда и во текот на е-аукцијата, економските оператори е потребно да го има предвид тарифникот број 01-13208/1 од 11.07.2014.*** **ДОГОВОРНИОТ ОРГАН НЕ ПРЕЗЕМА ОДГОВОРНОСТ ЗА НЕПОЧИТУВАЊЕ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА КАТАСТАР И ТАРИФНИКОТ ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ ОД СТРАНА НА ТРГОВЦИ ПОЕДИНЦИ, ОВЛАСТЕНИ ГЕОДЕТИ И ТРГОВСКИ ДРУШТВА ЗА ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ.**

Понудувач:

Изготвил:Ива Стефанова